**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана 10 февруари 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дозволете ми да ја отворам 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на 11-тата точка од дневниот ред - Предлог - одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Јапонија.

Предлогот на одлуката ви е уште одамна поделен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

76 пратеници гласаа "за", 2 "воздржани", против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Кралството Јапонија.

Ја прекинувам 27-та седница.

(Седницата прекина со работа во 12,35 часот).